**ЗАПИСНИК**
**од 39-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.11.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен) и Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, Милаим Абдураими, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека двајца членови на Советот нема да присуствуваат на седницата и тоа г-дин Фетаи бидејќи е на службено патување во странство и г-дин Трајчев кој што пред час и половина се најавил дека ќе биде отсутен поради непланирани службени обврски.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.11.2017 година.
2. Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2018 година.
3. Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2018 година.
4. Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година).
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТВ Алсат-М од Скопје.
6. Информација во врска со неможноста за реализација на програмата на Универзитетското радио „Студент ФМ 92,9".

7. Предлог за давање одобрение за склучување Спогодба за раскинување на Договор за вработување со анекси и донесување на Решение за престанок на важноста на Договорот за вработување со анекси, со предлог – спогодба и предлог – решение.
8. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Изработка на РА и ТВ спот против сексизмот во медиумите.
9. Предлог - одлука за набавка на службена облека за надворешен соработник – возач.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.11.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Точка 2 - Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2018 година, Точка 3 - Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2018 година и Точка 4 - Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година), предложи материјалите да се разгледаат заеднички, да има едно образложение и една дискусија за сите три предложени документи, додека гласањето да биде за секоја точка поединечно.

Г-дин Трајчевски во врска со предлогот на г-дин Петрушевски рече дека и неговото мислење било во иста насока, раководителите на Секторите да дадат образложение за трите документи поединечно, бидејќи сите се вградуваат во еден документ и така комплетирани се доставуваат до Собрание на Република Македонија.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2018 година, се однесува само на редовниот надзор кој што Агенцијата го спроведува на три групи субјекти, односно на радиодифузери, кабелските оператори и давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање. Така во три посебни дела јасно се предвидени обврските од Законот кои ќе бидат предмет на надзор, во кои периоди кои субјекти ќе бидат опфатени. Кај кабелските оператори и давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, планирано е секој од нив најмалку по два пати во текот на годината да биде предмет на редовен програмски надзор. Секако, рече, доколку во меѓувреме се констатираат прекршувања ќе следи и контролен надзор и многу често има потреба и од вонреден надзор. Во однос на Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2018 година, објасни дека со него се опфатени радиодифузерите и издавачите на печатени медиуми, со јасно наведени обврски и рокови во кои што ќе биде спроведен административниот надзор што претставува пракса воведена од 2014 година. Во однос на Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година), посочи дека како приоритет за следната година е наведена изработката на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година и понатаму наведени се сите останати активности на Агенцијата во насока на спроведување на целите на Законот. На крајот додаде дека за одредени активности беше можно точно да се утврдат периодите, за некои се спроведуваат во континуитет во текот на целата година.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ, објасни дека Нацрт-финансискиот план за 2018 година е изработен врз основа на доставени поединечни барања од Секторите во Агенцијата, врз основа на оние трошоци кои што за Агенцијата се вообичаени секоја година и врз основа на веќе склучени договори кои мора да се исплатат во текот на наредната година. Вкупно предвидени расходи во Нацрт-финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година изнесуваат 111.800.000,00 денари. Доколку се спореди со Финансискиот план за 2017 година ќе се забележи дека сега предложениот план е помал за околу 12 милиони и 400 иљади денари. Тоа не се должи на намалена активност на Агенцијата, туку на одредени ставки кои што минатата година ги имаше и беа во поголем износ, а сега се со помал износ како на пример за исплатата на кредитот минатата година беа планирани 7 милиони денари повеќе. Исто така по основа на ИПА програмата минатата година требаше да се исплатат 8 милиони денари од договорот односно учеството на Агенцијата. Тоа се однесува на техничката опрема која се набави со ИПА 2011. Оваа година такви ставки во планот нема, односно ставката за кредит е помала. Како и секоја година така и за следната најголема ставка е за бруто плати на Агенцијата, со вкупно планирани средства во износ од 40.232.400,00 денари. Втора по големина ставка е за отплата на кредитот од 7 милиони и 400 иљади денари и со тоа повеќе Агенцијата во иднина ќе нема никакви обврски по основ на изградба на деловниот објект во кој престојува, тој е во сопственост на Агенцијата. Има една ставка која не била во претходните години, ставена во групна ставка 402030 за одржување на новата опрема. Предвидени се 10% од нејзината вредност, тоа се околу 6 милиони денари, со пресметан ДДВ изнесува 7 милиони денари за годишно одржување на опремата која е набавена со ИПА програмата 2011. Понатаму има предвидени средства за членовите на Советот во износ од 7 милиони 930 иљади денари. Во расходната ставка 418 - Останати други расходи, има ставка за доставување на сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011) за кој што има годишен договор за јавна набавка од 9-те локации до Агенцијата за сите ТВ и РА канали во РМ од 3 милиони и 600 иљади за една година. Потоа се планирани средства од 3 милиони и 100 иљади денари за набавка на специјално возило со опрема кое беше планирано и во планот за 2017 година, но бидејќи имаше локални избори таа не се спроведе. Има планирана ставка од 4 милиони и 100 иљади денари за набавка на нови сервери за складирање на многу поголем број на податоци од претходно, потоа набавка на софтвер со планирани средства од 1 милион и 730 иљади денари. Сите други ставки се вообичаени како за електрична енергија и сл. и рече дека доколку има прашања може за секоја ставка подетално да даде образложение. Структурата на приходите е формирана согласно постојните измени на Законот, Агенцијата почна да добива 6% од 0,5% од средствата кои што се наменети за финансирање на радиодифузна дејност. Тие изнесуваат 4 милиони денари месечно и за 12 месеци се пресметани 48 милиони денари приходи од надоместок за дозволи, приходи од надзор над кабелските оператори. На крајот додаде дека во сметките за струја со 30% учествува Агенцијата за млади и спорт согласно просторот од објектот кој што го поседуваат.

Г-дин Петрушевски рече дека иако овие документи се предложени како нацрт верзија сепак сака да постави неколку прашања. Според разговорите на претходните седници, Анализата на новите медиуми се очекува да биде готова во март 2018 година. Кога дискутирале летото 2017, имало една можност која што ја споменал, а тоа е да информациите од оваа Анализа некако се вградат и во Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година. Таа можност не видел дали некаде е напишана или пак тоа се подразбира. Од тука произлегува едно од прашањата, односно дали ќе се усогласат термините, како на пример Стратегијата да се заврши во јануари 2018 година, а Анализата на новите медиуми да се добие во февруари 2018 година. Второ прашање е упатено кон раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работ, м-р Арбен Саити во врска со планираната набавка на новите сервери. Во парите што се пресметани за оваа намена праша дали се предвидени и лиценците не само за самите сервери туку и за пристапот до нив. Информиран е дека од претходниот проект има 22 оперативни системи Microsoft Windows за кои што смета дека не се сите искористени. Во таа насока упати совет до надлежниот сектор да организираат состанок со Microsoft и да се праша дали неискористените лиценци може да се употребат за новите сервери. Потенцира дека секогаш треба да се почитуваат авторските права, доколку Агенцијата тоа го бара од медиумите тогаш и Агенцијата треба да ги испочитува 100% авторските права, не само лиценца за работа на самиот сервер туку потребни се лиценци за 50-60 вработени за да пристапат на серверите т.н. калови. Предложи уште еднаш да се провери планираниот износ на средства за набавката на серверите за да не испадне дека се малку пари и да се провери можноста дали може да се искористат неискористените лиценци од претходните сервери за новите сервери. Во поглед на она што сега тековно е 0,5%, во тековниот нацрт-буџет се предвидува 0.7% тоа се повеќе пари. Лошо би било ако ова остане на 0.5% а се донесе варијанта да се намали вредноста на лиценците тогаш би дошло проблем, тогаш би имало намалување негде 20% од вкупниот буџет. Веројатно пресметано е намалувањето на трошоците за лиценците. Со ова зголемување на процентот од радиодифузна такса, иако во принцип тој рекол и вчера на јавната дискусија за предлог-измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дека не е добро да поголемиот дел од парите Агенцијата ги зема преку владини институции, а помал дел од медиумите. Цени дека така се намалува нејзината финансиска независност. За новата опрема рече дека вака изгледаат доста пари, се надева дека ќе бидат доволни и дека нема да бидат многу алчни потенцијалните одржувачи. Смета дека 100 илјади евра годишно е добра сума. Иако опремата е многу вредна, сепак некогаш фирмите кои ја одржуваат опремата не сметаат како што Секторот штедливо пресметал од 10%, тие одат на 20%.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека секако е планирано сознанијата од Анализата на новите медиуми да бидат вградени во Стратегијата. Објасни дека се`уште се во комуникација со Совет на Европа и се уште се договараат насоките за изработка на Анализата и доколку таа биде готова до крајот на февруари 2018 година секако ќе има време да се вградат во Стратегијата, бидејќи реално не може да се заврши во јануари 2018 година, туку до крајот на месец март или април 2018 година. Предочи дека најважно од сè е текстот да биде квалитетно изработен отколку да се стигнат некакви рокови и површно да се обработат одредени теми. Кога се гледа програмата за работа во неа се утврдени тие активности кои што Агенцијата сега од овој момент ги планира за да може соодветно да ги распореди човечките и финансиските ресурси. Објасни дека во изминатите години е редовна ситуација многу активности да произлезат надвор од програмата и тоа може да се види од Извештаите за работа на Агенцијата од

претходните години, понекогаш и 70% од активностите што Агенцијата ги изработила не биле дел од програмата иако таа целосно е реализирана, но секогаш има дополнително и до два три пати повеќе од планираното.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити, објасни дека целта на купување на нова ИКТ опрема е да се заменат старите сервери лоцирани во сервер салата. Планирано е купување на 4 сервери од кои два ќе бидат врзани во кластер и во нив ќе се изврши виртуелизација на постојните 5 или 6 сервери со што ќе се среди состојбата што сега ја има, ќе се заштеди во однос на потрошувачка на електрична енергија и ладење во сервер салата и ќе има и други бенефити. Со оваа набавка ќе се бара целосно решение и во цената ќе бидат вклучени сите потребни лиценци за работа на овој систем. При правење на техничка спецификација, Агенцијата ќе предочи дека веќе поседува 22 Microsoft сервер 2012 лиценци кои можат да ги искористат за нивниот систем, но не е сигурен дека тоа упатува кон некое решение. Доколку има измени во Законот за јавни набавки тоа може да се стави во самата спецификација. Што се однесува до одржувањето на опремата, износот од 100 илјади евра без ДДВ, ставен е после долги консултации со многу потенцијални одржувачи на опремата и сите инсистираа на 20%, но опремата е нова и тој износ од 6 милиони денари смета дека одговара за одржување на системот за следната година. Исто така додаде дека потоа ќе се предвиди дали плаќањето ќе биде по повик или паушал во зависност од тоа како ќе биде најповолно за Агенцијата.

Г-дин Фиданоски рече дека со својата дискусија ќе стартува од таму од каде што отприлика г-дин Петрушевски завршил. Има дилема или прашање, зошто и со какви мотиви ќе се стави Анализата на новите медиуми во Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година, односно нејзините резултати? Праша дали намерата е нешто да се прејудицира? Тие резултати се`уште не се озаконети итн. така што рече прво треба да се почека какви резултати ќе донесе Анализата па потоа да се види дали има потреба или не. Стратегијата по старо е Стратегија за радиодифузна дејност сега Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност. За новите медиуми, се мисли на електронските публикации или online медиуми, дебата се`уште ќе трае околу тоа како и на кој начин ќе бидат регулирани и затоа не би сакал да се прејудицира да се ставаат во Стратегијата или Агенцијата да си земе одвишок обврски кога се однесува за нив.

Г-дин Трајчевски рече дека поентата од Анализата на новите медиуми никој не знае каква ќе биде. И не е целта однапред да се знае исходот, ако се знае однапред исходот нема да се изработува Анализата. Анализата на новите медиуми може да покаже различни можности. Добро е да се има предвид тоа што ќе го направи Совет на Европа, за да се има цел, во која насока да се размислува и никој не може однапред да каже што ќе произлезе.

Г-дин Фиданоски рече дека токму тоа е и неговата поента, прво да се почекаат резултатите, па да се види што тие ќе покажат и однапред да не се вика дали во Стратегијата ќе се вгради самата Анализа или резултатите.

Г-дин Петрушевски побара дозвола на кратко да ја прекине дискусијата на г-дин Фиданоски. Објасни дека грешно се изразил бидејќи исто размислува како г-дин Фиданоски, односно токму како што кажал колегата Фиданоски така и тој размислува, нема по автоматизам цела Анализа да се стави.

Г-дин Фиданоски продолжи со неговата дискусија во однос на Финансискиот дел од програмата, повикувајќи се на Нацрт-верзијата. Појасни дека и тој присуствувал на вчерашната јавна дискусија за предлог-измените во Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги и рече дека е предвидена ставка од 0,7% од буџетот. Неговата груба пресметка вели дека 6% од 0,7% на сегашниот буџет што е предложен, а треба да се усвои до крајот на годинава е околу 1,4 милиони евра приход на средства на АААВМУ. Тоа е над 80 милиони денари приход и ова сега го кажува чисто како дискусија, и не се знае што на крајот ќе произлезе, но смета дека отприлика толку ќе бидат тие приходи што се однесува на 0.7%. Нема да спомне дека имаше ветувања дека таа ќе расте прогресивно, ама прво сака да види дали тоа ќе биде или нема да биде. Инаку тој лично се залага тоа да биде 1% од буџетот за Јавниот сервис, односно како што се распределуваше радиодифузната такса, 6% пак да и припаѓа на Агенцијата и остатокот се делеше на радиодифузија и на Јавниот сервис. Во однос на Нацрт-програмата за работа, рече дека ќе сподели неколку негови мислења, нотирани забелешки и можеби ќе бидат од полза при правењето на конечната верзија. Како што кажала ѝ раководителката м-р Магдалена Давидовска Довлева, како приоритетна активност е ставена Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност 2018-2022. Рокот за конечната изработка е ставен во првата половина од годината, тоа е во ред, иако според него, не сака однапред да прави притисок, заради динамиката на работата би било добро тоа да биде во првите 3-4 месеци од 2018 година, доколку е можно, затоа што практично Агенцијата ќе биде влезена во 2018 година, а се однесува и на таа година. Она што сака да го потенцира е дека точките од областите се наредени по приоритет. Му се допаѓа што акцентот на првите два приоритети е ставен на професионална уредувачка независност на медиумите преку зголемување на нивото на почитување на новинарски стандарди, до функционирање или подобрување на системите на саморегулација и корегулација во медиумите. Во ред е тоа, иако во однос на корегулацијата има сопствен став, тоа е друга тема за дебата која може да се отвори во иднина. Второ, за заштита и развој на медиумскиот, културниот, политичкиот плурализам добро е тоа затоа што Советот треба да ја има улогата да не се повторуваат состојби како што имаше во неодамнешното минато кога национални радиодифузери, национални телевизии продуцираа или промовираа информации како од еден центар без да се даде можност да се има еднаков пристап на различни гледишта таканаречен политички плурализам. Рече дека и сите останати набројани области подеднакво се важни. Потенцира дека понатамошниот развој на медиумската писменост е од голема важност и во овој период што следува треба Агенцијата да се посвети подетално и повеќе, затоа што смета дека прашањето за медиумската писменост и сега е многу актуелно, а бенефитите од него ќе треба допрва да се очекуваат и да се добиваат, и затоа треба многу да се вложат за да се добие и повеќе од задоволително ниво. Што се однесува до другите активности како што веќе рекол се добро нотирани. Оваа дискусија досега се однесува и на Програмата за работа, тука има посебни точки, се однесува за социјална инклузија, медиумска писменост, поттикнување на слободата на изразување, сето тоа го потенцирал. Рече дека ќе каже еден детаљ од вчера, јавно реагирал бидејќи не му се допаднало тоа што во Нацрт-верзијата за измени на Законот стоеше дека за начелата ќе има и санкции кои што треба Агенцијата да ги спроведува. Ако се усвои текстот како таков, апсолутно по него тоа е влијание или мешање во уредувачката политика. Во Нацрт-верзијата е предвидена казна од 5000 евра. Апсолутно не треба тоа да постои, за начела не може да се казнува, а од друга страна вчера јавно го поздравил тоа што се дава еден нов механизам во однос на член 48 од ЗААВМУ говор на омраза и на дискриминација дека Агенцијата ќе има можност парично да санкционира. Се надева дека тој предлог ќе остане во крајната верзија, и понатаму да си продолжи постапката како што си беше и досега, до органите на прогонот, поточно до јавното обвинителство. Во врска со точка 14 Анализи и истражувања, рече дека како најинтересни ќе бидат она што

г-дин Петрушевски го спомнал, Анализата на новите медиуми и она што ги интересира сите медиуми и ја очекуваат со нетрпение Анализата на пазарот. Праша дали е можно Анализата на пазарот да биде завршена заклучно со вториот квартал, значи првата половина од годината. Забележал дека зададениот рок е за третиот квартал од 2018 година. Според него подобро ќе биде периодот на реализација да биде во првата половина од годината, бидејќи сите ќе имаат повеќе корист од таа анализа. Се задржа и на точка 15 Меѓународна соработка. Информира дека неодамна присуствувал на една меѓународна конференција заедно со м-р Драгица Љубевска и дошол до заклучок дека најверојатно се појавува неопходност Агенцијата да пројави поголема активност по одредени прашања, таа да биде присутна во панел дискусии и како презентери на одредени теми. Смета дека ова треба да се следи, да се биде поактивен во овој дел кој ќе придонесе за подобрување на имиџот на Агенцијата. Што се однесува до транспарентноста и комуникацијата рече дека е во ред, но рече дека според него е неопходно Агенцијата да биде поприсутна во јавноста со директни изјави, прес конференции за тоа што го направила. Она што како соопштение е кажано за одредена работа ќе биде поцелисходно, поефектно ако е кажано од некој од Агенцијата, дали е директор, дали ќе биде раководител на одреден сектор не е важно, но ќе има поголем ефект и поголема силина директно искажаното отколку ако се оди преку соопштение на веб страницата. Смета дека тоа треба да се земе предвид, таквата присутност да ја има идната година кое ќе придонесе на подобрување на имиџот на Агенцијата односно позитивно претставување на Агенцијата во јавноста. Поттикнат од вчерашната дискусија на јавната дебата за предлог измените на ЗААВМУ, мисли дека треба да се води сметка околу „must-carry" кај кабелските оператори, веројатно националните телевизии ќе инсистираат повеќе на тие работи. Програмскиот надзор меѓу другото ќе биде зафатен и со тоа, ќе се зголеми обемот, тоа е негово размислување, што не значи досега бил мал или не постоел, претпоставува дека тоа прашање ќе биде актуелно идната година особено со донесувањето на новите законски измени.

Г-дин Трајчевски околу приходите на Агенцијата, рече дека финансискиот план е изработен според актуелниот закон и не може однапред да се предвиди што ќе биде во иднина. Ако има измени на Законот тогаш ќе следи и измена на финансиски план со цел прилагодување на содржината со новите измени на законот. Што се однесува до Анализата на пазарот рече дека не може да започне со изработка пред 1 април 2018 година, бидејќи до 31 март 2018 година радиодифузерите ги доставуваат податоците во Агенцијата. Има пракса да одредени радиодифузери постојано не доставуваат навремено податоци па мора да се опоменат. Од овие причини периодот на реализација е во третиот квартал, бидејќи порано Агенцијата не е ни во можност да ја работи и во принцип најчесто Анализата е готова во јули месец. Може да се зборува за скратување на денови 15 или 20, но бидејќи податоците ги доставуваат до 31 март нема можност од планираниот период порано да биде завршена.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева потврди дека согласно Законот радиодифузерите најдоцна до 31 март треба да ги достават податоците и исто така и да можат да доставaт завршна сметка која се доставуваат до крајот на февруари или до 15 март. Значи, 31 март е последниот ден кога во пошта треба да им удрат приемен печат и дел од нив се примаат во април. Потоа треба добиените податоци да се обработат во смисла да се исконтролираат затоа што многу често се случува површно да наредат бројчиња. Треба да се контактираат сите радиодифузери, каде има грешка да се поправат податоците и да се добијат реални сознанија за радиодифузерите. Втората причина е што од април па натаму во тоа одделение никогаш не се случило само анализата да е обврска. Од програмата што е предложена, обврските на одделението

се координирање при изработка на Стратегијата, обезбедување на јавност во работењето на радиодифузерите, заштита на плурализмот на сопственоста каде што влегува недозволена медиумска концентрација, промена на сопственичка структура, мерење на гледаноста и слушаноста, печатените медиуми, анализи и истражувања, обемот на работа е голем, а одделението е со само со две вработени.

Г-дин Фиданоски рече дека тоа и го кажал во дискусијата, не сака да биде сфатен дека прави притисок. Идејата му била ако може порано да биде изработена анализата би било добро за сите. Тоа што г-дин Трајчевски го кажал во дискусијата апсолутно се согласува, ако таа анализа во јули ја види светлината на денот ќе биде во ред, но да не биде крај на септември. Претходната беше презентирана во септември ама беше порано поставена и достапна на веб страницата на Агенцијата и на кого му беше потребна можеше да ја најде. Објасни дека тоа сакал да го каже и не му била друга смислата.

Г-дин Ајдини рече, бидејќи сите три документи се во Нацрт-верзија нема да навлегува во детали по однос на нивната содржина. Во суштина Програмата за работа на Агенцијата претставува еден континуитет на тоа што досега е работено и што во иднина треба да се сработи. Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година е особено многу важен стратешки документ не само за Агенцијата туку и пошироко. Како законска обврска во овој дел истакна дека во член 6 од ЗААВМУ стои дека Агенцијата се грижи за плурализмот во медиумската сфера. Во овој контекст потсети дека Советот години наназад констатира дека има потреба од едно радио на државно ниво кое ќе емитува програма на албански јазик. Објасни дека е свесен за проблемите кои се појавуваат за реализација на оваа обврска и условите кои се поставени. Меѓутоа, рече дека се соочува со благ притисок во овој дел и не сака да испадне дека Советот на Агенцијата не е заинтересиран и дека не сака да ја реализира оваа обврска. Знае дека проблемот произлегува од техничка причина, како програма тешко да се оствари во Собранието, но не би било лошо да се вложат напори или да се изнајде соодветен начин таа потреба да се преформулира, односно или да се стави како констатација во предлогот, бидејќи сега е Нацрт-верзија или да се даде друго решение како тоа да се изведе.

Г-дин Трајчевски, објасни дека таа потреба беше пред две години ставена во Програмата за работа но потоа имаше забелешки од Владата на РМ бидејќи за распишување на јавен повик за доделување на дозвола за радио емитување на било кој јазик треба претходно да има студија од потреба. Советот досега, во изминатите години по тоа прашање имал изедначен став. Предложи доколку се прифати, може надвор од програмата да се донесе заклучок Советот да го повтори тој став како посебна точка независно од Програмата за работа, дека се грижи за плурализмот односно тоа што го кажал г-дин Ајдини.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот тоа го кажува години наназад.

Г-дин Ајдини рече дека поентата е тоа да остане како констатација бидејќи на некој начин имаат благ притисок, има заинтересирани страни кои сакаат да влезат во овој бизнис, а одговорот секогаш е дека нема техничка можност. Од тој аспект предложи уште еднаш Агенцијата и Советот да се обратат до АЕК и да се побара одговор од нивна страна.

Г-дин Петрушевски рече да си дадат сите една задача во текот на 30-те дена кога ќе почне дискусијата, предлогот на г-дин Ајдини некако да го смислат и кога ќе биде предлог верзијата да биде или тоа што го предложил директорот или предлогот на г-дин Ајдини да влезе во документот некако со носење на посебен заклучок од Советот. Може

и некој трет предлог што сега не е спомнат. Последните неколку години сите имаат ист став имаат разбирање и поради технички причини и неможности останува овој предлог да не се реализира. А треба да има такво радио. Во однос на доставените материјали предложи доколку членовите на Советот имаат додатни забелешки што сега не се кажани, електронски во пишана форма да ги достават до Директорот и Стручната служба, но да биде најдоцна 20 дена од денес за да ги разгледаат и евентуално да ги вградат во предлог-документот. Ова не е заклучок и обврска туку едно размислување од негова страна, предлозите да не се даваат на сама седница кога ќе биде Предлог-програмата. Во интерес на членовите на Советот е доколку забелешките се пратат порано, поголема е шансата да бидат вградени во конечната верзија доколку се разбира се добри. Посочи Стручната служба сите дискусии од денешната седница да ги земе предвид, да ги разгледа и размисли.

Г-дин Фиданоски се согласи со предлогот на г-дин Петрушевски. Според него во денешната дискусија немаше некои суштински забелешки, повеќето беа технички или поврзани со рокови, во принцип тоа значи дека се согласуваат со сè што е напишано во Нацрт-програмата. Не е спорно, се согласува предлозите и забелешките да ги достават навремено во пишана форма со образложение и аргументи, така ќе биде најдобро за Стручната служба при составувањето на конечната верзија. Во однос на дискусијата на г-дин Ајдини, рече дека точно е тоа дека имаат сите практично унифициран став по тоа прашање. Нему му е сеедно и не е спорно и нема да губи на никаква тежина ако оди во Програмата или ако оди како посебен заклучок. Тоа може да се констатира на седницата кога ќе се усвојува Програмата и како посебна точка и не му пречи тоа уште еднаш да се повтори.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-5217/1 од 17.11.2017 година и едногласно донесе Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор во 2018 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2018 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-5216/1 од 17.11.2017 година и едногласно донесе Нацрт-годишен план за вршење административен надзор во 2018 година, со текст како што е предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2018 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да

им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-5215/1 од 17.11.2017 година и ја одобри Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година), со текст како што беше предложена.

Агенцијата, во врска со горенаведената Нацрт-програмата за работа, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Нацрт-програма за работа да ја објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Г-дин Петрушевски на крајот повтори дека заклучоците од дискусиите на г-дин Трајчевски, г-дин Фиданоски, г-дин Ајдини и неговата да се земат предвид со можност да се спроведат.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски објасни дека Директорот на Агенцијата побарал следната точка која ќе ја разгледа Советот да биде Точката 7 - Предлог за давање одобрение за склучување Спогодба за раскинување на Договор за вработување со анекси и донесување на Решение за престанок на важноста на Договорот за вработување со анекси, со предлог – спогодба и предлог – решение, за да може Секторот за правни и економско-финансиски работи навремено да преземе активности во насока на реализација на заклучокот од точката. Објасни дека по оваа точка летото веќе еднаш на седница имаше пообемна дискусија.

Г-дин Трајчевски објасни дека Советот на 11.08.2017 донесе одлука за мирување на работниот однос на вработената. Дента кога Советот ја одржуваше седница, пристигна предлог од вработената наместо со отказ работниот однос да се прекине со спогодба. Тоа сега е понудено и на таков начин Агенцијата во иднина ќе се заштити од било какви судски спорови со вработената. Бидејќи изборниот процес траеше и имаше повеќе од 90 дена, присуствувал на една консултација заедно со правниот сектор со адвокатот од адвокатската куќа што е ангажирана од страна на Агенцијата. Согласно нивните правни насоки е понуден законскиот датум кој е наведен во спогодбата за да не се надмине рокот од 90 дена.

Г-дин Петрушевски рече дека она што е објаснето и предложено претставува нај културен начин да се направи оваа разделба без разлика што било и во иднина да биде полесно за досегашната вработена и за Агенцијата да нема проблеми. Даде објаснување дека предлогот доколку се согласи Советот, треба да ги одобри овие два документи кои ќе бидат потпишани од директорот и вработената, а другиот само директорот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-5211/1 од 17.11.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да ја склучи Спогодбата за раскинување на Договорот за вработување бр.04-2951/1 од 16.04.2015 година, со Анекс бр.1, бр.04-3470/1 од 15.05.2015 година, Анекс бр.2, бр.04-7182/1 од 28.12.2015 година и Анекс бр.3, бр.04-7182/2 од 29.12.2015 година (во понатамошниот текст Договор за вработување со анекси) и да донесе Решение за престанок на важноста на Договорот за вработување со анекси, на работникот и на Советот на Агенцијата, со текст како што се предложени.

Се задолжи Секторот за правни и економско – финансиски работи да го одјави работникот пред Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување на Град Скопје, заклучно со 07.08.2017 година, (Образец М1/М2, од задолжителното социјално осигурување).

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТВ Алсат-М од Скопје. Објасни дека оваа промена се направи без претходно да се достави известување до Агенцијата и без да се побара одобрение од Советот. Го контактирале Централниот регистар веднаш затоа што тие вообичаено без одлука за одобрување не ги прифаќаат документите како комплетни. Но во овој случај затоа што станувало збор за судска пресуда должни се да постапат. Имајќи го предвид констатираното прекршување на овие одредби, а врз основа на извршен вонреден административен надзор, Агенцијата писмено го опомени радиодифузерот и му наложи во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да ги достави потребните податоци и документи.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата и Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-434 од 17.11.2017 година и едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, во врска со правосилната и извршна пресуда на Основниот Суд Скопје II – Скопје, XVIII П1-734/15 од 29.09.2016 година и тоа за пристапување на физичко лице Имихане Велија, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Информацијата во врска со неможноста за реализација на програмата на Универзитетското радио „Студент ФМ 92,9". Објасни дека на 18.09.2017 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја извести

Агенцијата дека непрофитната радиодифузна установа Универзитетско радио „СТУДЕНТ ФМ 92,9" подолг период се соочува со проблем во реализацијата на програмата заради недобивање согласност од Министерството за образование и наука за ангажирање на лица/студенти со авторски договор/договор за дело. Исто така, во дописот е наведено дека поради ова, во 2017 година ниедно лице ангажирано од радиодифузерот нема потпишано договор и дека на програмата се емитуваат само репризи. Реалноста е дека ова радио не го исполнува условите за минимален број на вработени лица. Меѓутоа Агенцијата има предвид дека станува збор за непрофитно радио кое ги задоволува интересите на специфична публика а од друга страна причините се надвор од радиодифузерот затоа што настанатата состојба не се должи на нешто за што радиодифузерот е виновен. Од таа причина предлогот е Агенцијата се обрати до МОН и да им објасни дека поради ваквата состојба радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови и е основ за одземање на дозвола.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го поддржи предлогот и се согласи да се направат напори за да му се помогне на студентското непрофитно радио.

Г-дин Фиданоски рече дека ова е едно од трите непрофитни радија. Би било добро да бидат колку што може максимално флексибилни за да успее да опстане радиото. Се согласи со предлогот да се испрати допис до МОН.

Г-дин Трајчевски предложи освен што ќе се испрати допис до МОН, Советот да се согласи истиот допис да се испрати и до Влада на РМ и да се прошири дијапазонот на субјекти кои ќе бидат запознаени за овој проблем, што можеби на таков начин би имало побрза реакција и полесно решавање на проблемот.

Советот на Агенцијата ги разгледа Информацијата и Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-4025/4 од 17.11.2017 година и едногласно заклучи Агенцијата писмено да се обрати до Министерството за образование и наука и до Влада на Република Македонија и да побара информација зошто барањето на Универзитетското радио „СТУДЕНТ ФМ 92,9 не е одобрено и кога може да се очекува надминување на оваа состојба.

**Точка 8**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Изработка на РА и ТВ спот против сексизмот во медиумите. Објасни дека набавката е предвидена во годишниот план за јавни набавки и Финансискиот план за 2017. Додаде дека во техничката спецификација е наведено дека спроведувањето кампања за подигнување на свеста кај граѓаните за сексистички содржини во медиумите е една од активностите кои АААВМУ треба да ја реализира како дел од Националниот акциски план за родова еднаквост за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека изработката на спотовите не е поврзана со реакцијата на Агенцијата за неодамнешните емитувани спотови од заедничката кампања во продукција на три радија. Ова е преземена обврска од порано, требаше да се реализира минатата година, но не се реализира и од тие причини е планирана за оваа година. Објасни дека реално има потреба од изработка на РА и ТВ спот против сексизмот во медиумите, а исто така и истражувањата за родови прашања кои се прават секоја година покажуваат дека има потреба за ваква кампања.

Г-дин Петрушевски, неофицијално рече дека од повеќе личности била пофалена Агенција и Секторот за програмски работи за интервенцијата за спотовите на трите радија.

Г-дин Фиданоски рече дека Агенцијата со право била пофалена околу „несреќната" кампања на трите радија. Со оглед на тоа што ова прашање ја тангира и родовата еднаквост, има дилеми бидејќи според некои дефиниции може да допира и до говор на омраза, во зависност во каква форма е употребено. Сугерираше да се размисли кога ќе се спроведува јавната набавка, гледа дека се предвидени 300.000,00 денари, да не се оди со најниската цена. За оваа намена рече дека на Агенцијата ѝ треба квалитетен спот кој што ќе има ефект во јавноста и кој што ќе ги даде планираните резултати, се разбира ако разликата во цена не е драстична.

Г-дин Јанчески рече дека ќе гласа за оваа предлог одлука, не навлегувајќи во содржината на одлуката, туку сака да постави технички прашања. Во техничката спецификација стои дека спроведувањето на оваа кампања е една од активностите кои АААВМУ треба да ја реализира како дел од Националниот акциски план за родова еднаквост за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. Првото прашање беше што би се случило кога Агенцијата би немала финансиска можност да реализира ваква кампања односно ваква набавка? Потоа праша дали Агенцијата исто така има обврски со финансиски реперкусии како резултат на акциски планови и стратегии на други организации и институции и дали во Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година се предвидени активности на други институции кои што повлекуваат и нивни финансиски импликации?

Г-дин Трајчевски одговори дека овде не станува збор за Стратегии на други институции, туку дека ова е обврска на Агенцијата. Истражувањата на родова еднаквост произлегуваат од Законот за еднакви можности, но иако тоа е дефинирано во друг закон сепак е обврска на Агенцијата. На една од претходните седници кога се спроведуваше јавната набавка за истражувањето за родова еднаквост беше кажано дека до крајот на оваа година по завршување на ова истражување за 2017 година ќе се направи нова анализа со компарација на сите досега спроведени истражувања. Средствата што ги одвојува Агенцијата се можеби минорни, можеби требаше да се одвои и поголема сума на средства ако сакаме да постигнеме поголем квалитет, бидејќи иако е законска обврска првпат оваа година во парламентот се разгледуваше Стратегијата. Рече дека штетата е поголема што Агенцијата четири години издвојуваше средства за да се изработат истражувањата а тие што ја задолжија Агенцијата со Закон не сакаа да го разгледуваат тоа што Агенцијата го правеше. Можеби рече не бевме консултирани кога тоа било носени овие законски решенија, меѓутоа како законска обврска беше наметнато да се изработува истражување. Така што ова не произлегува само од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 туку и од обврската што ја имаме. Ова што сега се случи, мониторингот на спотовите на трите радија покажа дека спроведувањето на истражувањата и споделувањето на податоците што се добиваат од тие истражувања воопшто не придонесуваат да се зголеми свеста во општеството за родовата еднаквост. Минатата недела имаше седница во парламентот на Комисијата за еднакви можности и беше жално што ниту еден пратеник во парламентот, мисли на пратеник од машки род, воопшто не дојде да присуствува на седницата, а уште пострашно беше што немаше ниту еден медиум, имаше една камера, и не беше сигурен дали камерата беше собраниска или беше од еден медиум. Сепак рече тоа покажува на колку ниско ниво е оваа тема застапена кај медиумите.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5186/3 од 17.11.2017 година и даде едногласно одобрување за

спроведување на нова постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Изработка на радио и ТВ спот против сексизмот во медиумите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Изработка на радио и ТВ спот против сексизмот во медиумите, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/5 од 28.07.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 9**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5167/2 од 17.11.2017 година и едногласно даде одобрување Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност на службена облека за надворешен соработник - возач, за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ кој нема да надмине 13.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

Од пристигнатите понуди, понудата од Друштво за производство, промет и услуги „ВИТАКОМ-РА" ДОО, ул.Пролетерски Бригади бр.3, Куманово, заверена со наш бр.05-5190/1 од 16.11.2017 година, во износ од 11.300,00 денари, со вклучен ДДВ, е финансиски најповолна за Агенцијата, од причина што вкупната цена на доставената понуда е најевтина.

**Точка 10**

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-5205/10
06.12.**2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**